Дневни билтени

2015
- Февруари
- Март
- Април
- Мај
- Јуни
- Јули
- Август
- Септември
- Октомври
- Ноември
- Декември

2016
2017
2018
2019
2020
2021
2022

# Извадок на дел дневните настани 23.01.2021

На 22.01.2022 на Граничниот премин Блаце бил приведен В.Ш. (40), кој се барал со централен распис по член 239 ,,затајување" од Кривичниот законик за пријавен кривично правен настан од правно лице сопственост на А.С.. Од страна на Единицата за интервентна полиција В.Ш е спроведен во ПС Карпош каде во присуство на правен застапник го признал делото и начинот на кој го извршил, по што против него ќе биде поднесена соодветна кривична пријава.

На 22.01.2022 околу 16 часот на бул.„Словенија" во Скопје од страна на полициски службеници од Единицата за интервентна полиција сопрено е патничко моторно возило „пежо" со прилепски регистарски ознаки, управувано од Д.Р (23), а како сопатници Х.Ч (17) од Скопје и Д.Д (20) од Прилеп. При преглед во возилото пронајдена е марихуана и лицата се приведени. По документирање на случајот ќе биде поднесена соодветна пријава.

Во времето од 22.00 часот на 22.01.2022 година до 04.00 часот на 23.01.2022 година на подрачје на Секторот за внатрешни работи Струмица била спроведена засилена контрола за санкционирање на возачи кои управуваат моторни возила под дејство на алкохол. Притоа, било констатирано дека 15 возачи, од кои 6 во Струмица, 5 во Гевгелија и 4 во Радовиш управувале моторни возила под дејство на алкохол и истите биле соодветно санкционирани.

На 22.01.2022 околу 18,30 часот на ул.,,Воденска" во Скопје полициски службеници од Единицата за интервентна полиција ги затекнале при извршување кривично дело тешка кражба Р.А(24) и А.И(20) од Скопје и кај нив биле пронајдени предмети поврзани со кривичното дело. Лицата се приведени и против нив ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 23.01.2022 во 00,50 часот на бул. ,,8 Септември" во Скопје од страна на полициски службеници од Единицата за интервентна полиција од слобода е лишен Ж.Ј (21) од Скопје кај кој при преглед пронајдена е марихуана. По документирање на случајот ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 23.01.2022 во 02,40 часот пред ноќен клуб во Скопје, од страна на полициски службеници од Единицата за интервентна полиција од слобода е лишен Б.Т (24) од Скопје кај кого е пронајдена и одземена бела прашкаста материја и една дробилка со марихуана. Против Б.Т. ќе биде поднесена соодветна пријава по документирање на случајот.

На 22/23.01.2022 година од 22 до 04 часот, при извршени сообраќајни контроли на подрачјето на СВР Охрид, полициските службеници санкционирале 13 возачи кои, управувале моторно возило под дејство на алкохол (Охрид-05, Струга-03, Кичево-03, Дебар-02). Тие веднаш се исклучени од сообраќај, одземени им се возачките документи и поднесени им се соодветни платни налози.

Вчеравечер (22/23 јануари) од 22 до 4 часот, на подрачјето на СВР Тетово спроведена е акциска контрола за санкционирање на возачи што управуваат возило под дејство на алкохол.Во контролата откриени и санкционирани се 17(ТЕ) возачи под дејство на алкохол и на сите им се изречени соодветни санкции.

На 22.01.2022 година околу 14,35 часот било пријавено дека во Тетово на ул. „Благоја Тоска", се случила сообраќајна несреќа во која патничко моторно возило удрило во Е. Д. (17) од с. Бродец-тетовско по што возачот го напуштил местото на настанот. Е. Д. бил пренесен во Клинички центар Тетово каде му била констатирана тешки телесни повреди и по укажаната лекарска помош бил пуштен на домашно лекување.Се работи на расчистување на случајот.

Министерството за внатрешни работи во текот на вчерашниот ден (22.01.2022) продолжи со засилените акциски контроли во областа на сообраќајот.На територија на град Скопје изречени се вкупно 165 мерки, меѓу кои за возење повеќе од дозволената брзина 38 санкции, 19 мерки за возење без возачка дозвола, седум санкции за технички неисправни возила. Изречени се 19 мерки за возење под дејство на алкохол, пет санкции за зборување на мобилен телефон, шест мерки за некористење на сигурносен појас, шест санкции за возач почетник.

ОВР Кичево поднесе кривична пријава против Ф.М.(41), Д.С.(47) од Кичево и правно лице со седиште во Кичево, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „вршење јавен превоз без поседување лиценца". При контрола на патничко моторно возило „рено меган", управувано од Ф.М., а во сопственост на Д.С. и неговото правно лице, извршена на магистралниот пат Кичево-Гостивар во близина на селото Трапчин Дол, полициските службеници констатирале дека превозот на патници се врши нелегално односно без поседување соодветна лиценца за вршење јавен превоз на патници во внатрешниот сообраќај, издадена од надлежен државен орган.

На 22.01.2022 во 14.35 часот на ул. „Илинденска"во Тетово од страна на полициски службеници од СВР Тетово, а во врска со претходно извршено кривично дело ,,напад врз службено лице при вршење на службени работи", од слобода се лишени М.Л.(51) и М.А (38), двајцата од с.Порој. Против нив ќе бидат поднесени соодветни кривични пријави.

Во текот на изминатата вечер (22/23.01.2022) во периодот од 22.00 до 04.00 часот спроведена е зајакната акциска контрола за санкционирање на возачи кои управуваат возила под дејство на алкохол на територијата на Република Северна Македонија, при што санкционирани се 129 возачи. Од нив, 23 на територијата на СВР Скопје, 17 на територијата на СВР Тетово, 15 на територија на СВР Струмица...

На 23.01.2022 во 02,15 часот било пријавено дека во угостителски објект во населба Аеродром, Скопје, Д.М. (37), И.М. (32) и Ц.Б. (51) сите од Скопје, го нарушиле јавниот ред и мир со тоа што кршеле инвентар, затоа што откако побарале да бидат услужени им било речено дека објектот не работи. По целосно расчистување на случајот против нив ќе бидат поднесени соодветни пријави.

На 23.01.2022 во 03.30 часот С.Н. (22) од Скопје, пријавила дека на 23.01.2022 година околу 02.50 часот на ул."Анастас Митев" во Скопје, поточно пред угостителски објект била физички нападната од страна на нејзиното момче А.Н.(21), Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 23.01.2022 околу 02.45 часот пријавено е дека во Велес во дискотека бил нарушен јавниот ред и мир со физичка пресметка меѓу К.Д. (24) и Д.Н. (22) двајцата од Велес. По целосно расчистување на настанот ќе следат соодветни пријави..

Во текот на вчерашниот ден (22.01.2022) Министерството за внатрешни работи спроведе зајакната акциска контрола на територијата на Република Северна Македонија за санкционирање на возила кои се движат со брзина поголема од дозволената, при што санкционирани се 247 возачи. Од нив 17 возила се движеле со брзина над 50 километри на час повеќе од дозволеното, а четири возила се движеле со дури над 70 километри на час повеќе од дозволеното. Притоа, 82 возачи ја пречекориле брзината во населено место, а 165 надвор од населено место.

На 22.01.2022 година во 16,20 часот во ПС Гостивар З.Ф. (29) од Гостивар пријавил дека истиот ден околу 16.10 часот во Гостивар бил физички нападнат од А.И., М.И., А.С. и Ј.М. .Се преземаат мерки за расчистување на случајот.
На 22.01.2022 во 21.00 часот во ПС Гостивар С.Х. (39) од село Горна Бањица гостиварско пријавил дека околу 19.00 во селото откако се сретнал со М.Д (37) од истото село а поради претходна вербална расправија меѓу нивните малолетни деца, истиот физички го нападнал пријавителот. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.
На 22.01.2022 година во 22.10 часот во СВР Битола, М. Д. (34) од Прилеп пријавил дека во дворот на куќата била фрлена експлозивна направа при што е причинета материјална штета. Повредени лица нема. Се преземаат мерки за целосно расчистување на случајот



МАКЕДОНИЈА БЕЗ КОРУПЦИЈА
Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет